Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24 ) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/14, 4/19, 7/19, 1/21, 11/25 и 13/25), по барање на [redacted] **- Скопје**, за кастрење на дрво, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

**РЕШЕНИЕ**

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши кастрење на урбано зеленило ( останато зеленило ) на 1(едно) дрво (дудинка), што се наоѓа **во дворот на барателот** на **ул. "Димо Хаџи Димов" бр.3 – Скопје.**
2. Кастрењето на дрвото да го изврши и организира барателот, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Кастрењето на дрвото да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

[redacted] **- Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/165** од **10.03.2026** година, за кастрење на дрво што се наоѓа на **ул. "Димо Хаџи Димов" бр.3 – Скопје.**
Службено лице од Град Скопје заедно со службено лице од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека, дрвото предмет на барањето има крошна и гранки кои се вплеткани во кабли од електрична инсталација и има можност од предизвикување на материјална штета.

Согласно член 10 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24 ) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.

Согласно член 11 став 1 точка 1 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24 ) зелените површините покрај објекти за домување (станбени куќи, станбени згради и друго) се сметаат за тип на останато зеленило.

Согласно член 14 од горе наведениот закон ,подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.

Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или Градот Скопје се должни да донесат решение со што ќе ја утврдат

потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило, дека зеленилото е во состојба при што треба да се искастри, па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/165/2**
**01.04.2026** година
Скопје
**Доставено до:** Барателот и Архива

изготвил:
Виш соработник
**Марија Стојановска**

Раководител на Одд.
**Емил Дуровиќ**

Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**

Градоначалник на Град Скопје
**Орце Ѓорѓиевски**